До: Министерство за животна средина и просторно планирање

Сектор за просторно планирање

Предмет: Поднесување на Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцнеа на животна средина

Почитувани,

Согласно обврските дадени во член 65 од Законот за животна средина, Министерство за транспорт и врски, како доносител на планскиот документ, донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена на животната средина за планскиот документ **Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот "Боров дол" во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче**.

Во таа насока, во прилог на овој допис Ви доставуваме Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена со цел понатамошно спроведување на процедурата согласно одредбите од Законот за животна.

Со почит,

Министерство за транспорт и врски,

Министер

Прилог:

- Одлука и Формулар за спроведување на стратегиска оцена на животната средина.

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15), Министерот за транспорт и врски, на ден 01.12. 2017 година, донесе:

## Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот "Боров дол" во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче**, што ја донесува Министерот за транспорт и врски, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ **Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот "Боров дол" во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче** се определуваат: Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за култура – управа за културно историско наследство, општините Штип – Радовиш - Конче, Источен и Југоисточен плански регион, локални јавни комунални претпријатија, невладини организации.

3. За планскиот документ **Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот "Боров дол" во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче,** за чија изработка е одговорен КВАДАР ДОО Скопје, а го донесува Министерство за транспорт и врски, донесувањето на планскиот документ, **Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот "Боров дол" во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче** ќе има влијание врз животната средина.

4. Согласно член 66-а од Законот за животната средина и фактот дека со планскиот документ се предвидува изведување на проект за кој е потребно да се спроведе постапка за оцена на влијанието на проектот врз животната средина, постапката за стратегиската оцена ќе се спроведе заедно со постапката за оцена на влијанието на проектот врз животната средина. Заедничко спроведување на двете постапки ќе овозможи поефикасно вклучување на аспектот на животната средина во фаза на изработка на планската и проектна документација, односно навремено предвидување и планирање на мерки за заштита, намалување и неутрализирање на влијанијата врз животната средина од имплементација на планскиот и проектниот документ. Консултациите и учеството на јавноста ќе се спроведе согласно член 69 (Известување и учество на јавноста) од Законот за животна средина и согласно Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како планови и програми од областа на животната средина (Сл. весник бр.147/08).

5. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти**: заштита на медиумите на животната средина (почва, води, воздух), управување со квалитет на амбиентен воздух, површински и подземни води, заштита на почви, заштита од бучава, употреба на земјиштето, управување со отпад, биолошка и пределска разновидност, социо-економски развој на општините Штип – Радовиш – Конче, население и човековото здравје, културно и историско наследство, заштита од несреќи и хаварии.**

6. Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерство за транспорт и врски на следната веб адреса/и: http://www.mtc.gov.mk/.

7. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 24-11270/1

Место: Скопје

**Министерство за транспорт и врски**

**Министер**

**Горан Сугарески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ 5 СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | Државна урбанистичко планска документација за определување на градежна парцела со намена Г1- тешка индустрија за експлоатација на минералната суровина бакар на локалитетот “Боров дол” во општина Штип, општина Радовиш и општина Конче |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министер за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | Во име на Министерство за транспорт и врски, КВАДАР ДОО Скопје |
| **Назив на работното место** | Биљана Петрова, одговорен планер |
| **Контакт податоци на лицето** | Ул. Никола Русински 3-1/5, Скопје<br>www.kvadar.com.mk<br>тел: 02 5200 929 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16) и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, односно Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Сл. весник на РМ“ бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр. 142/15, 217/15, 222//15, 228/15, 3516, 99/16, 134/16), Законот за градење (пречистен текст „Сл.Весник“ бр. 39/12), Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија (тех.бр. Y12017, од август 2017 година), согласно кои е издадено Решение за Услови за планирање на просторот од Министерството за животна средина и просторно планирање (Арх.бр. УП1-15 1154/2017 од 15.08.2017 година) како и одобрена Планска програма. |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| ДА ☒ Се донесува нов плански документ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| Да. Планскиот документ се однесува на областа просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето. |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5).** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Да** ☒ **Не** ☐ | **Член:** 3 | **Точка** 13 | **Алинеја:** |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.** |
| Да. Планскиот документ предвидува реализирање на проект вклучен во Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина (Службен весник на Р.Македонија бр. 74/2005, 109/09, 164/12):<br>Прилог 1 Проекти за кои задолжително се врши оцена на влијанијата врз животната средина<br>• Точка 16 - Каменоломи и површински копови каде што експлоатационото поле надминува 25 ha или јамска експлоатација или екстракција каде што експлоатационото поле надминува 150 ha.<br>Планскиот документ предвидува воспоставување на рудничка инсталација за површински ископ на бакарна руда на локалитетот Боров Дол и нејзина понатамошна преработка во постројките за дробење, мелење и флотација на рудникот „БУЧИМ“. |
| **Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.** |
| Не |
| **Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.** |
| Целта е формирање на градежна парцела со намена Г1 – тешка индустрија за комплекс на рудник за производство на бакар, локалитет Боров Дол, КО Брест, КО Дамјан, КО Горна |

| |
|---|
| Враштица и КО Долна Враштица во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Конче:<br>- Просторно – урбанистичко уредување на локација – градежна парцела со цел овозможување услови за градба,<br>- Овозможување на услови за градба и воспоставување на руднички комплекс за експлоатација на бакарна руда |
| **Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Просторното и урбанистичкото планирање и користењето на земјиштето. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за ДУПД нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| Согласно законските прописи, не е предвидено ревидирање на документот. |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа).** |
| Границата на предложениот планскиот опфат територијално зафаќа дел од три општини (Штип – Конче – Радовиш) и е дефинирана со следните координати на прекршочни точки:<br>Y X<br>N1_7 611 353 4 606 050<br>N2_7 610 447 4 607 463<br>N3_7 611 327 4 607 756<br>N4_7 612 000 4 608 500<br>N5_7 613 000 4 608 500<br>N6_7 613 000 4 606 900<br>N7_7 612 266 4 606 538<br>N8_7 612 973 4 606 051<br>Според опишаните граници, површината на планскиот опфат изнесува 4.723.770,50 $m^2$ (472,38 ha). Предложениот плански опфат се наоѓа на територијата на општина Конче, општина Штип и мал дел од општина Радовиш во југо-источниот дел на Р. Македонија, на југозападните падини на Смрдеш Планина.<br>Планскиот опфат се наоѓа во ридско-планински терен со надморски висини кои се движат од 450 до 730м. Од главниот град на Р. Македонија, Скопје локацијата е оддалечена 130 km, од градот Штип 35 km, а од градот Радовиш 15 km. Јужно од магистралниот пат Струмица - Радовиш - Штип, локацијата е поврзана со асфалтен пат до с. Дамјан во должина од 3 km, а понатаму со селски-макадамски пат до самото наоѓалиште во должина од 5 km. До најблиската железничка станица во Штип оддалеченоста изнесува 37 km .<br>Досега за овој плански опфат нема претходно изработена урбанистичка документација.<br>Во прилог 1 е дадена карта на граници на плански опфат и опкружување. Во прилог 2 е дадена ажурирана геодетска подлога. |
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да☒<br>Не☐ |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето). |
| **Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.** |

| | |
|---|---|
| Имплементацијата на Државната Урбанистичко Планска Документација за формирање на градежна парцела со намена Г1 – тешка индустрија за комплекс на рудник за производство на бакар, локалитет Боров Дол, КО Брест, КО Дамјан, КО Горна Враштица и КО Долна Враштица во Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Конче потенцијално може да биде поврзана со позитивни и негативни влијанија.<br>**Можни позитивни влијанија:**<br>Имплементацијата на планскиот документ ќе има ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфаструктурна опременост и уредување на просторот, како и на економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување. Со самата реализација ќе се придонесе за развој на подрачјето, како и привлекување на нови инвестиции. Со тоа директно ќе се поддржи и поттикне економскиот развој на засегнатите општини.<br>**Можни негативни влијанија:**<br>Имплементацијата на планскиот документ може да има негативни влијанија врз животната средина во делот на водите, почвата, воздухот, биодиверзитет, бучава и управување со отпад. Еден дел од влијанијата се очекуваат во градежната фаза, додека друг дел се однесува на фазата на работата и истите се неопходно да бидат детално анализирани и оценети. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | Постои голема веројатност за појава на влијанијата, како во фазата на изградба така и во оперативна фазата. Оние поврзани со фазата на изградба во однос на времетраењето ќе бидат ограничени на времето на изградба, додека другите се поврзани со имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ. Во најголем дел се очекува имплементацијата на планскиот документ да биде поврзана со повратни влијанија, освен оние поврзани со пределот како резултат на активностите на експлоатација.<br>Опсегот на влијанијата се очекува да биде локален, односно ограничен на опкружувањето на планскиот опфат, т.е. на ниво на општина.<br>Секако услов за ова е спроведување на детална оцена на влијанијата врз животната средина на ниво на проект, со цел идентификување на сите потенцијални влијанија и спроведување на соодветни мерки за контрола и спречување. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Во поширокиот регион на планскиот опфат се наоѓа рудникот за производство на бакар „Бучим“, чија активност во еден дел е слична како активноста предвидена со оваа планска документација (експлоатација на минерална суровина). Неопходни се подетални анализи со цел да се оцени можноста за кумулативни влијание и нивна оценка и истите треба да бидат направени во услови на повеќе достапни технички податоци. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Имплементацијата на планскиот документ и изведбата на проектот предвиден со планот е поврзан со одреден ризик по животната средина што би можел да се манифестери преку различни влијанија врз медиумите на животна средина.<br>Аспектот неопходно е да биде дополнително разгледан на ниво на оценка на влијанието врз животната средина од проектот предвиден со планскиот документ. |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Опсегот на влијанијата од имплементацијата на планскиот документ е дефиниран со планскиот опфат на планскиот документ и негово опкружување во локален контекст. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Имплементацијата на планскиот документ се очекува да ги има бројни позитивни економско – | |

социјални влијанија:

- Овозможување на тековна работа на постоечкиот рударски комбинат Бучим во наредните минимум 10 години, а со тоа и континуитет на сите социо-економски придобивки поврзани со истиот,
- Овозможување на тековност на работата на повеќе од 600 вработени во постоечкиот рударски комбинат Бучим и со него поврзаните помали бизниси,
- Нови 150-200 вработувања,
- Дополнителни буџетски приливи во општината,
- Позитивни импликации на домашниот пазар директно засегнат со природата на активноста што ќе се изведува на локацијата, можност за нови инвестиции,
- Овозможување на работа за други локални фирми во текот на изградбата и оперативната фаза,
- Подобрување на патната инфраструктура – пристап до село Дамјан,
- Поттикнување на развојот на засегнатите општини и  можности за имплементација на социо-економски проекти во општините од тековните годишни приливи по основ на даноци и надоместоци.
- Позитивен сигнал за идни потенцијални инвеститори.
- Долгорочно подобрување на нивото на животен стандард.
- Проектот ќе овозможи зголемување на економските активности во проектното подрачје, како резултат на потребата од значаен број и обем на услужни дејности за неговите потреби.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**

Локацијата на проектот не засегнува заштитени национални подрачја, ниту подрачја кои се предложени за заштита (Слика 1).




**Слика 1** Локација на проектот во однос на заштитени подрачја

Локацијата на проектот не засегнува подрачја од Емералд мрежата (Слика 2).




**Слика 2** Локација на проектот во однос на Емералд подрачја

Во однос на подрачја од интерес на заштита[1], локацијата на проектот зафаќа дел од Значајното подрачје за птици (ЗРП) Мантово-Лакавица (Слика 3). Ова подрачје е значајно поради присуството на ретки и загрозени видови птици како модровраната (Coracias garrulous) и белочелното (нубиско) свраче (Lanius nubicus), како и потенцијално присуство на загрозени грабливи птици.




**Слика 3** Локација на проект во однос на подрајча од интерес за заштита

Предвидената локацијата на проектот во дел се поклопува со пределскиот биокоридор Смрдеш. Овој коридор е значаен како врска помеѓу клучното подрачје Плачковица и подрачјето за ревитализација Беласица, а во непосредна близина се наоѓа Пилав Тепе како потенцијално тесно грло. Коридорот Смрдеш е значаен како простор за периодични и сезонски движења на мали цицачи, како и миграција на влечуги и водоземци за време на репродуктивниот период.

За потребите на проектот и студијата за животна средина, ќе бидат направени специјалистички истражувања за карактеристиките на биодиверзитетот и пределот. Тие се во насока на поставување на основната состојба на животна средина и оценка на можните

[1] Значајни подрачја за птици, Значајни подрачја за растенија, Значајни подрачја за пеперутки

| | |
|---|---|
| влијанија од проектот врз биодиверзитетот. | |
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | *Природни карактеристики*<br>Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот кој е предмет на разработка на Државна урбанистичко-планска документација со намена Г1 – тешка индустрија, за комплекс на рудник за бакар, локалитет Боров Дол, Општина Штип, Општина Радовиш и Општина Конче, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>*Културно наследство*<br>Според Условите за планирање на просторот, на подрачјето на општините кои се предмет на анализа има регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат) во трите општини.<br>КО Дамјан, Општина Радовиш – 17 археолошки локалитети.<br>КО Брест, Општина Штип - 3 археолошки локалитети.<br>КО Горна Враштица, Општина Конче - 1 археолошки локалитет.<br>КО Долна Враштица, Општина Конче - На подрачјето на катастарската општина нема регистрирани недвижни споменици на културата.<br>Во Археолошката карта на Република Македонија што ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на општините се евидентирани неколку локалитети.<br>Општина Радовиш<br>• КО Дамјан - Грамади, населба од доцноантичко време и од среден век.<br>Општина Штип<br>• КО Брест - Крундилов Дол, населба од доцноантичкото време.<br>Општина Конче<br>• КО Горна Враштица – Манастир-Илиница, средновековен сакрален објект.<br>• КО Долна Враштица – На подрачјето на катастарската општина нема евидентирано археолошки локалитети |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Неопходни се поголеми истражувања со цел утврдување состојбата на медиумите и можности за надминувања на стандардите.<br>Имплементацијата на планскиот документ не се очекува да предизвика надминување на стандардите за квалитет на животната средина и граничните вредности при нормално функционирање на проектот во неговите фази од имплементација.<br>Аспектот на можни надминувања на стандардите на животната средина неопходно е да биде разгледан на ниво на оценка на влијанието од проектот предвиден со планскиот документ. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | За предметниот плански опфат до сега нема изработена урбанистичка документација. Од тие причини, опфатот немал досега намена и истиот во еден дел се користел како пасишта.<br>Урбанизацијата на предметниот плански опфат е предвидена со цел овозможување на руднички активности за експлоатација на минерални суровини. |
| **Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Не се идентификувани области или пејзажи кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја во планскиот опфат или близина на опфатот.<br>Доколку такви се утврдат при подеталните анализи на ниво на проект, истите ќе бидат земени во предвид и соодветно анализирани. |

| |
|---|
| **Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:** |
| Активноста предвидена со планскиот документ се наоѓа во Прилог I од Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина, што значи дека за истата треба да се спроведе постапка за оцена на влијанието врз животната средина, на ниво на студија. |
| **Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):** |
| Предложениот плански опфат се наоѓа на територијата на општина Конче, општина Штип и мал дел од општина Радовиш, во југо-источниот дел на Р. Македонија, во југозападните падини на Смрдеш Планина.<br>Локацијата на проектот се наоѓа во ридско-планински терен со надморски висини кој се движат од 450 до 730 m. На североисток е село Дамјан на одалеченост од околу 700 m, на југоисток е селото Горна Враштица на одалеченост од околу 350 m, на југ е езерото Мантово на одалеченост од 450 m, и на запад е селото Брест на одалеченост од околу 200 m. (Слика 4) Наоѓалиштето ,,Боров Дол" е поврзано со с. Дамјан со макадамски-селски пат и асфалтен пат с. Дамјан - рудник ,,Бучим". Вака дефинираниот простор, се наоѓа на околу 6 kmјужнојугозападно од рудникот Бучим, 11 km југозападно од Радовиш и на околу 20 km југоисточно од Штип.<br>Површината на планскиот опфат изнесува 4.723.770,50 $m^2$ (472,38 ha)<br><br><br>Слика 4 Опкружување на планскиот опфат (индикативен преглед) |
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови).** |
| Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата и нивно правилно управување во оперативната фаза, предвидената активност во својата оперативна фаза не се очекува да претставува значителен ризик врз животната средина.<br>Од исклучителна важност за планот/проектот и неговата околина е целосна и детална анализа на сите аспекти поврзани со животна средина визави намерите на планот/проектот, со цел идентификација на потенцијалните влијанија и усвојување на мерки за заштита, како во планот, така и понатаму во проектната документација. Анализата и вклучувањето на аспектот на заштита на животната средина неопходно е да биде базиран на начелата на висок степен на заштита, претпазливост, превенција и загадувачот плаќа. |

| |
|---|
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали).**<br>Според иницијалните прегледи на постоечката документација за животна средина релевантна за планскиот документ, евидентирани се проблеми во управувањето со отпадот (отсутство на организирано собирање на комуналниот отпад, отсуство на санитарна депонија, неселектирање и управување со специфични видови) проблеми со водоснабдување кај одредени населени места во сушни периоди, низок степен на еколошка свест и несоодветно управување со отпадни води.<br>Неопходни се подетални анализи за да се утврди точната состојба со животната средина, како од стратешки аспект и постоење на релеватни закани и ризици за ж.с. и конфликти кои би можеле да влијаат на имплементацијата, така и на техничко ниво на имплементација на проектот. |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>Државната Урбанистичко Планска Документација за формирање на градежна парцела со намена Г1 – тешка индустрија за комплекс на рудник за производство на бакар на локалитет Боров Дол, општини Штип – Радовиш - Конче, е изработена врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, Ажурираната геодетска подлога, Планската програма и одредбите кои произлегуваат од Просторниот план на Р. Македонија.<br>Планската документација е изготвена согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13,163/13 и 42/14) и во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12, 19/13, 95/13, 167/13, 37/14 и 125/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови  (Сл. весник на РМ бр. 78/06 и 37/14).<br>Од аспект на просторниот развој на земјата, планскиот документ хиерархиски е поврзан со Просторниот план на РМ. Наоѓалиштето на бакарна руда Боров Дол (руден реон Бучим – Дамјан – Боров Дол), како дел од Српско-македонската металогена провинција и перспективен концесиски простор, е идентификувано во Просторниот план на РМ, во експертскиот елаборат “Состојба и можности за користење на минералните суровини“2). Дополнително, планскиот документ е поврзан со Просторниот план на Источен плански регион (2013-2030), (нацрт (2016)). Овој просторен план го идентификува наоѓалиштето Боров Дол, како еден од приоритетните локалитети за експлоатција на метална минерална суровина во регионот.<br>Во делот на одрживиот развој, планскиот документ е поврзан со Националната стратегија за одржлив развој на РМ (2009-2030). Дополнително, на национално ниво, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2009–2019). На регионално ниво, планскиот документ е поврзан со Програмата за развој на Источен плански регион (2015–2019) и со Програмата за развој на Југоисточниот плански регион (2015–2019). На локално ниво, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) на општина Радовиш и Конче (2007-2011) и Стратегијата за ЛЕР на општина Штип (2012-2017).<br>Од аспект на управување со животната средина, планскиот документ хиерархиски е поврзан со Националниот еколошки акционен план (НЕАП) како највисок стратешки документ за управување со животната средина на национално ниво.<br>На локално ниво, планскиот документ е поврзан со локалните акционен планови за животна средина на општините (ЛЕАП) на Општина Штип и ЛЕАП на Општина Радовиш.<br>Во делот на управувањето со отпадот, планскиот документ е поврзан со националната Стратегија за управување со отпад (2008-2020) и националниот План за управување со отпад (2009-2015). |

2) Извор: Просторен план на Република Македонија (2002-2020)

Во делот на управувањето со водите, планскиот документ е поврзан со Стратегијата за води на РМ (2012-2042). Во делот на управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух, планскиот документ е поврзан со националните стратешки определби поставени во Националниот план за заштита на амбиентниот воздух (2013-2018).

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Планскиот документ не бил предмет на стратегиска оцена на влијанијата.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

За активноста предвидена со планскиот документ се планира започнување на Постапка за оцена на влијание врз животната средина од проектот предвиден со планскиот документ. Согласно законот, потребно е да се достави Известување за намерата за спроведување на проект / проекти за сите планирани инвестиции опфатени со планскиот документ, а потоа да се изработи Студија за оценка на влијание на проектот врз животната средина.

Заклучоците од стратегиската оцена за планскиот документ и нејзините препораки треба да бидат третирани како насоки за следното планирање, односно при спроведувањето на оцената на влијанијата врз животната средина.

| | |
|---|---|
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| **Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот** | **Министер**<br>Горан Сугарески |
| **Датум:** 01.12 **2017година**<br>**Место: Скопје** | **М.П.** |

**Прилог 1**: Граници на плански опфат и опкружување



**Прилог 2 Ажурирана геодетска подлога на плански опфат**

